**МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА**
**Бр. 02-966/2**

# З А П И С Н И К

**Од 53-та седница на Програмскиот Совет на ЈРП Македонска радиотелевизија одржана на 13.02.2018 година**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** Доц.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија Заменик на претседател на Програмскиот совет на МРТ,м-р Јагнула Куновска, Анита Љатифи, Косана Николиќ Мазнева, Илир Рамадани, Златко Јанковски, м-р Ристе Панов, Ивана Трајковска, Селпин Ќерим и Гајур Рамадани,Снежана Клинчарова |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** Агим Лека |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Елизабета Једиковска-Раководител на Секторот за правни работи во МРТ. |

Седницата започна во 10:30часот

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац, ја отвори седницата и предложи да се работи по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување на пријавите по објавениот јавен конкурс за избор на Директор на МРТ и Заменик на директорот на МРТ , и избор на Директор на МРТ и Заменик на директорот на МРТ.

Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои предложениот дневен ред

**ТОЧКА 1:. Разгледување на пријавите по објавениот јавен конкурс за избор на Директор на МРТ и Заменик на директорот на МРТ , и избор на Директор на МРТ и Заменик на директорот на МРТ.**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац најпрвин пред присутните ги прочита одредбите од Статутот на МРТ во кои се регулира целата постапка за избор на Директор на МРТ и Заменик на директорот.Потоа претседателката продолжи со информација дека на објавениот јавен Конкурс за избор на Директор на МРТ и Заменик на директорот на МРТ кој е спроведен според условите и постапката утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на ЈРП МРТ , е уредно објавен на 26.01.2018 година во дневните весници " Нова Македонија" и "Коха", на Програмските сервиси на МТВ и МРА и на ВЕБ страната на МРТ и истиот траеше 15 дена од денот на објавувањето. Од увидот во штембилот за прием во пошта со R пратка и Архивата на МРТ, се утврди дека сите пријави се поднесени во определениот рок од 15 дена. На јавниот конкурс се пријавиле вкупно 21 кандидати, од кои 13 кандидати за Директор на МРТ и 8 кандидати за Заменик на директорот на МРТ.
Потоа се пристапи кон отворањето на пристигнатите коверти ,односно најпрвин ковертите со програма означени со шифра.

**Кандидати за Директор на МРТ**

1. Кандидат со шифра **“300600900550“**
2. Кандидат со шифра **“Скопје 1 “**
3. Кандидат со шифра **“Европа сега** “
4. Кандидат со шифра **“А.С.М.А“**
5. Кандидат со шифра **“Елку 12345“**
6. Кандидат со шифра **“Ренесанса“**
7. Кандидат со шифра **“Ангела“**
8. Кандидат со шифра **“дасопредодреденистепенииособини**“
9. Кандидат со шифра **“Гала и Лана“**
10. Кандидат со шифра **“Порта 1“**
11.Кандидат со шифра **“Галик**“
12. Кандидат со шифра **“МРТ 21“**
13. Кандидат со шифра **“Скопје 74“**

Усвоен беше предлог Програмите од кандидатите за Директор на МРТ да се фотокопираат и да се доставаат до сите членови на Програмскиот совет на МРТ на разгледување, и при тоа беше дадена пауза.

Претседателката на советот во своето излагање потсети дека секој член на Програмскиот совет на МРТ ,согласно член 124 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 63 од Статутот на ЈРП МРТ има право да гласа само за еден од кандидатите за Директор на МРТ, а за избран ќе се смета кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Програмскиот совет на МРТ.
Предлог програмта со шифра **“Елку 12345“** поради тоа што содржеше Име и презиме на самиот кандидат на програмата,а кое е во спортивно на одредбите од член 62 на Статутот на МРТ, беше ставена на гласање пред членовите на советот.
Програмскиот совет едногласно одлучи Програмата со шифра **“Елку 12345“** да биде дискфалификувана од понатамошно одлучување.

Програмскиот совет на МРТ пристапи кон јавно гласање поединечно за програмите на кандидатите:

1. Кандидат со шифра **“ 300600900550 “ - нема гласови**
2. Кандидат со шифра **„Скопје 1**“ **- нема гласови**
3. Кандидат со шифра **„Европа сега** “ **- нема гласови**
4. Кандидат со шифра **„А.С.М.А“ - нема гласови**
5. Кандидат со шифра **„Елку 12345“ -дискфалификација**
6. Кандидат со шифра **„Ренесанса“ -нема гласови**
7. Кандидат со шифра **„Ангела“ -нема гласови**
8. Кандидат со шифра **„дасопредодреденистепенииособини**“**- нема гласови**
9. Кандидат со шифра **„Гала и Лана“ - 10 (десет) гласови**
10. Кандидат со шифра **„Порта 1“ - нема гласови**
11. Кандидат со шифра **„Галик“ -нема гласови**
12. Кандидат со шифра **„МРТ 21**“ **-нема гласови**
13. Кандидат со шифра **„Скопје 74“ -нема гласови**

■ По спроведеното гласање за најдобра понудена Програма ,од 12 присутни члена се констатира дека кандидатот со шифра **„Гала и Лана“ доби - 10 (десет) гласови** , а членовите на Програмскиот совет Ведат Мемедалија и Анита Латифи не го дадоа својот глас за ниту една од предложените програми.

Потоа се е пристапи кон дешифрирање на програмите:

**1.** Кандидат со шифра **" 300600900550 " е лицето Бране Стефановски од Скопје,** роден 1955година, доставил: Програма, Пријава, Биографија, Диплома за високо образование- Интердисциплинарни студии по новинарство во Скопје, Уверение за државјанство, Потврда за 5 години работно искуство

**2.** Кандидат со шифра **"Скопје 1"е лицето Иле Максимовски од Скопје**, роден 1960година, доставил: Програма, Пријава, Биографија, Диплома за високо образование- Интердисциплинарни студии по новинарство во Скопје, Уверение за државјанство, Потврда за 5 години работно искуство

**3.**Кандидат со шифра **"Европа сега " е лицето Оливер Ромевски од Скопје,** роден1969година, доставил: Програма, Пријава, Биографија, Диплома за високо образование-Универзитет Американ Колеџ-Факултет за политички науки во Скопје,м-р по политички науки и човекови права, Уверение за државјанство, Потврда за 5 години работно искуство

**4.** Кандидат со шифра **"А.С.М.А" е лицето Љубиша Николовски од Скопје,** роден 1958година, доставил: Програма, Пријава, Биографија, Диплома за високо образование- Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Филозовски факултет-професор по филозофија,Уверение за државјанство, Потврда за 5 години работно искуство

**5.** Кандидат со шифра **"Елку12345 "е лицето Елизабета Кузмановска од Скопје**, роден 1967година, доставила: Програма, Пријава, Биографија, Диплома за високо образование" Универзитет Св. Кирил и Методиј" од Скопје- Дипломиран професор по филозофија и Диплома за м-р по македонистика со комуникологија, Уверение за државјанство, Потврда за 5 години работно искуство

**6.** Кандидат со шифра **"Ренесанса" е лицето Светислав Стаменов од Скопје,** роден 1960година, доставил: Програма, Пријава, Биографија, Диплома за високо образование-Универзитет во Белград , Р. Србија –Факултет за политички науки-дипломиран политиколог, Уверение за државјанство, Потврда за 5 години работно искуство

**7.** Кандидат со шифра **"Ангела " е лицето Јошко Бошковски од Скопје,** роден1966година, доставил: Програма, Пријава, Биографија, Диплома за високо образование-"Св.Кирил и Методиј"-Факултет за музичка уметност во Скопје-дипломиран контрабасист, Уверение за државјанство, Потврда за 5 години работно искуство

**8.** Кандидат со шифра**"дасопредодреденистепениiosобини "е лицето, проф. м-р Игор Шокаровски од Скопје,** роден 1969 година, доставил: Програма, Пријава, Биографија, Диплома за високо образование одУниверзитет "Св.Кирил и Методиј"-Факултет за драмски уметности од Скопје - Дипломиран филмски и ТВ монтажер,Решение за признавање на високо образовна квалификација стекната во Софија,Република Бугарија за завршени магистерски студии по филмска и ТВ режија, Уверение за државјанство, Потврда за 5 години работно искуство ,

**9.** Кандидат со шифра **" Гала и Лана" е лицето Марјан Цветковски од Скопје**, роден 1978 година, доставил: Програма ,Пријава, Биографија, Уверение за високо образование-Универзитет за туризам и менаџмент-Скопје, Уверение за државјанство, Потврда за 5 години работно искуство ,

**10.** Кандидат со шифра **"Порта 1 " е лицето Корнелија Буклеска од Скопје,** роден 1961година, доставила: Програма, Пријава, Биографија, Уверение за високо образование- Универзитет "Св. Кирил и Методиј" –Правен факултет- Интердисциплинарни студии по новинарство, Уверение за државјанство, Потврда за 5 години работно искуство

**11.** Кандидат со шифра **"Скопје 74" е лицето Ќенан Мимидиноски од Дебар,** роден 1954година, доставил: Програма, Пријава, Биографија, Диплома за високо образование- Универзитет "Св. Кирил и Методиј" –Правен факултет-дипломиран правник, Уверение за државјанство, Потврда за 5 години работно искуство

**12.** Кандидат со шифра **“МРТ 21“ е лицето Љубен Пауноски од Скопје,** роден 1958година, доставил: Програма, Пријава, Биографија, Диплома за високо образование- Универзитет “Св. Кирил и Методиј“ –Филозофски факултет-Историја на уметност и археологија,Универзитетска Диплома за магистер на историја на уметност и Уверение за стекната диплома за доктор по историски науки,при универзитетот “Св.Кирил и Методиј“, Уверение за државјанство, Потврда за 5 години работно искуство

**13.** Кандидат со шифра **“Скопје 74“ е лицето Ќенан Мимидиноски од Дебар,** роден 1954година, доставил: Програма, Пријава, Биографија, Диплома за високо образование- Универзитет “Св. Кирил и Методиј“ –Правен факултет-дипломиран правник, Уверение за државјанство, Потврда за 5 години работно искуство

■ По спроведеното дешифрирање на програмите се констатира дека Програмскиот совет на МРТ од 12 присутни члена**, со 10 гласа“ ЗА**“, го избра кандидатот **Марјан Цветковски за Директор на МРТ.**

Програмскиот совет на МРТ со мнозинство гласови ја донесе следнава Одлука

**О Д Л У К А**
**за избор на Директор на МРТ**

**I.** За Директор на ЈРП Македонска Радио Телевизија-е избран **Марјан Цветковски** од Скопје, државјанин на Република Македонија, со завршено високо образование.

**II.** Директорот на МРТ се избира за период од 3 (три) години со можност за повторен последователен избор.

**III.** Функцијата Директор на МРТ Марјан Цветковски ќе почне да ја извршува од 01.03.2018 година,по завршувањето на претходниот мандат како Директор на МРТ.

**IV.** Односите помеѓу Директорот на МРТ и ЈРП Македонска Радио Телевизија ќе се уредат со посебен Договор.

## Кандидати за Заменик на директорот на МРТ

Се пристапи кон отворањето на ковертите,односно ковертите со програма означени со шифра.

1. Кандидат со шифра **“МРТ 21“**
2. Кандидат со шифра **“Сонце “**
3. Кандидат со шифра **“Адријан“**
4. Кандидат со шифра **“Лиза“**
5. Кандидат со шифра **“Коница“**
6. Кандидат со шифра **“Скопје 2018“**
7. Кандидат со шифра **“ 2018-2021“** “
8. Кандидат со шифра **“дасопредодреденистепенииособини“**

Програмите од кандидатите за Заменик на директор на МРТ се фотокопираа за сите членови на Програмскиот совет на МРТ и се даде пауза која беше потребна да се прочитаат програмите.
Претседателката на советот потсети дека секој член на Програмскиот совет на МРТ ,согласно член 124 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 63 од Статутот на ЈРП МРТ има право да гласа само за еден од кандидатите за Заменик на директорот на МРТ, а за избран ќе се смета кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Програмскиот совет на МРТ.
Предлог програмта со шифра **“Скопје 2018“** поради тоа што содржеше Име и презиме од самиот кандидат на самата програма, а кое е во спортивно на одредбите од член 62 на Сатутот на МРТ, беше ставена на гласање пред членовите на советот.
Програмскиот совет едногласно одлучи Програмта со шифра **“Скопје 2018“** да биде дискфалификувана од понатамошно одлучување.

Програмскиот совет на МРТ пристапи кон јавно гласање поединечно за програмите на кандидатите:

1. Кандидат со шифра **"МРТ 21"** **- нема гласови**
2. Кандидат со шифра „**Сонце**" **- нема гласови**
3. Кандидат со шифра **„Адријан** " **- нема гласови**
4. Кандидат со шифра **„Лиза"** **- 10 (десет) гласови**
5. Кандидат со шифра **„Коница"** **- 2 (два) гласа**
6. Кандидат со шифра **„Скопје 2018"** **-дисквалификација**
7. Кандидат со шифра **„2018-2021"** **-нема гласови**
8. Кандидат со шифра **„дасопредодреденистепениiособини"- нема гласови**

Потоа се е пристапи кон дешифрирање на програмите:

**1.**. Кандидат со шифра **"МРТ 21" е лицето Љубен Пауноски од Скопје,** роден 1958година, доставил: Програма, Пријава, Биографија, Диплома за високо образование- Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Филозофски факултет-Историја на уметност и археологија,Универзитетска Диплома за магистер на историја на уметност и Уверение за стекната диплома за доктор по историски науки,при универзитетот "Св.Кирил и Методиј", Уверение за државјанство, Потврда за 5 години работно искуство

**2.** Кандидат со шифра **"Сонце " е лицето Татјана Гогоска од Скопје,** родена 1961година, доставила: Програма,Пријава, Биографија, Диплома за високо образование- Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје,-Дипломиран новинар и Диплома од Универзитет"Св.Кирил и Методиј"-Скопје Магистер по комуникациски науки, Уверение за државјанство , Потврда за 5 години работно искуство

**3.** Кандидат со шифра **"Адријан " е лицето Јошко Бошковски од Скопје,** роден1966година, доставил:Програма, Пријава, Биографија, Диплома за високо образование-"Св.Кирил и Методиј"-Факултет за музичка уметност во Скопје-дипломиран контрабасист, Уверение за државјанство, Потврда за 5 години работно искуство

**4.** Кандидат со шифра **"Лиза" е лицето Арун Ибраими,** роден 1954 година, доставил: Програма,Пријава, Биографија, Диплома за завршено високо образование на Филолошки факултет во Приштина, Уверение за државјанство, Потврда за 5 години работно искуство.

**5.** Кандидат со шифра **- "Коница" е лицето Шпетим Нуредини од Скопје,** роден 1976година, доставил: Програма,Пријава, Биографија, Диплома за високо образование- Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје,Филолошки факултет-дипломиран професор по албански јазик и книжевност, Уверение за државјанство , Потврда за 5 години работно искуство

**6.** Кандидат со шифра **" Скопје 2018 " е лицето Суат Саќипи од Скопје,**роден 1976 година, доставил: Програма,Пријава, Биографија, Решение за признавање на високо образовна квалификација стекната во странство на Факултет за историја и филологија при универзитетот ви Тирана, Р. Албанија-дипломиран новинар, Уверение за државјанство , Потврда за 5 години работно искуство

**7.** Кандидат со шифра **"2018-2021" е лицето Денис Шабани,** роден 1980година, доставил: Програма,Пријава, Биографија, Диплома за високо образование- Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје,Филолошки факултет-дипломиран професор по албански јазик и книжевност, Уверение за државјанство , Потврда за 5 години работно искуство

**8.** Кандидат со шифра **"дасопредодреденистепениiособини " е лицето, проф. м-р Игор Шокаровски од Скопје,** роден 1969 година, **доставил:** Програма, Пријава, Биографија, Диплома за високо образование одУниверзитет "Св.Кирил и Методиј"-Факултет за драмски уметности од Скопје - Дипломиран филмски и ТВ монтажер,Решение за признавање на високо образовна квалификација стекната во Софија,Република Бугарија за завршени магистерски студии по филмска и ТВ режија, Уверение за државјанство, Потврда за 5 години работно искуство ,

■ По спроведеното дешифрирање на програмите се констатира дека Програмскиот совет на МРТ од 12 присутни члена, **со 10 гласа“ ЗА“,** го избра кандидатот **Арун Ибраими за Заменик на директорот на МРТ.**

Програмскиот совет на МРТ со мнозинство гласови ја донесе следнава Одлука

**О Д Л У К А**

**за избор на Заменик на директорот на МРТ**

**I.** За Заменик на директорот на ЈРП Македонска Радио Телевизија-е избран **Арун Ибраими** од Тетово, државјанин на Република Македонија, со завршено високо образование.

**II.** Заменик на директорот на МРТ се избира за период од 3 (три) години со можност за повторен последователен избор.

**III.** Функцијата Заменик на директорот на МРТ Арун Ибраими ќе почне да ја извршува на 01.03.2018 година,по завршувањето на претходниот мандат како Заменик на директорот на МРТ.

**IV.** Односите помеѓу Заменик на директорот на МРТ и ЈРП Македонска Радио Телевизија ќе се уредат со посебен Договор.

На крајот од седницата беше предложено идната седмица повторно да се одржи седница на Програмскиот совет, и на истата да се презентираат програмите кои беа избрани, односно програмите од директорот и од заменикот на директорот.
Предлогот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 15:30часот

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател